# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 26.05.2023 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 06 - Година 2023** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Заклучок за не усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2022 година;
2. Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“;
3. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - “Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2” за финансирање на техничка документација за „Реконструкција на локален пат Пехчево - туритичка населба Равна Река, Пехчево“;
4. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден,, - 2023 година;
5. Одлука за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
6. Јавен повик за пријавување на лице за член на надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
7. Одлука за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2023 - 31.03.2023 година;
8. Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на утврдените тарифи - водоснабдување за 2022 година, на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;

9. Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на утврдените тарифи - собирање и одведување на урбани отпадни води за 2022 година на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
10. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово - овластен градежен инспектор;
11. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2023 година до 31.03.2023 година;
12. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Пехчево за 2023 година;
13. Програма за управување со отпад на општина Пехчево за 2023 година;
14. Одлука за измена на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година;

Бр. 09-695/1 Градоначалник на
26.05.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за не усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2022 година**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2022 година, што советот на општина Пехчево го донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/2
26.05.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.05.2023 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не усвојување на извештај за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2022 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не го усвојува извештајот за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2022 година.

**Член 2**

Извештајот за извршен попис на парични средства на жиро сметките, благајните, побарувањата, обврските, градежните објекти, улици, патишта и опрема на општина Пехчево за 2022 година, бр.03-515/1 од 12.04.2023 година, ќе се разгледува на наредна седница кога ќе се достави записникот за примопредавање и спецификацијата на сите делови од фестивалската опрема согласно барање бр.08-545/1 од 19.04.2023 год.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-679/1
26.05.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“, што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/3
26.05.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, Советот на Општина Пехчево на 17-тата седница одржана на ден 26.05.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за аплицирање и учество на Општина Пехчево во реализација на проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој ( СИДА ), Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.

Член 2

Проектот „Изработка на техничка документација за реконструкција на локален пат Пехчево – Туристичка населба Равна Река, Пехчево“ се утврдува како приоритет на Општина Пехчево за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој ( СИДА ) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-680/1
26.05.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2" за финансирање на техничка документација за „Реконструкција на локален пат Пехчево - туритичка населба Равна Река, Пехчево"**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2" за финансирање на техничка документација за „Реконструкција на локален пат Пехчево - туритичка населба Равна Река, Пехчево", што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/4 — Градоначалник на
26.05.2023 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2", Советот на Општина Пехчево на 17-тата седница одржана на ден 26.05.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти- Фаза 2" за финансирање на техничка документација за „Реконструкција на локален пат Пехчево - туритичка населба Равна Река, Пехчево"**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот **„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2"** за финансирање на техничка документација за **„Реконструкција на локален пат Пехчево – туристичка населба Равна Река, Пехчево".**

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од 20% од вкупната вредност на проектот за финансирање на техничката документација.

Член 3

Доколку трошоците ја надминуваат максималната вредност на грантот, Општина Пехчево се обврзува да ги покрие сите средства над висината на грантот и доколку тоа ги надминува минималните 20% кофинансирање.

Член 4

**Проектот "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2"** за финансирање на техничка документација за **„Реконструкција на локален пат Пехчево – туристичка населба Равна Река, Пехчево"** ќе биде аплициран до **UNDP**, за добивање на средства од **Првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти.**

Член 5

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2023 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево".

Бр.08-681/1<br>
26.05.2023 година<br>
Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>
Претседател<br>
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/5 Градоначалник на
26.05.2023 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 23 од Законот за угостителската дејност (Сл.Весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015,39/2016, 53/2016, 71/2016 и 31/2020), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.05.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2023 за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност, односно до 03:00 часот наредниот ден.

**Член 2**

Согласно одлуката, продолженото работно време на угостителските објекти во градот и штандовите учесници на Фестивалот, се продолжува за два часа за деновите: 14.07.2023, 15.07.2023 и 16.07.2023 година, односно од 01:00 до 03:00 часот, за време на одржувањето на манифестацијата Фестивал на дувачки оркестри ,,Пехчевски Павловден„ - 2023 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, организаторот на Фестивалот на дувачки оркестри „Пехчевски Павловден„ - 2023, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-682/1 Совет на општина Пехчево
26.05.2023 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/6 — Градоначалник на
26.05.2023 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М. бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.05.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување на член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

- Златко Николовски се разрешува од должноста член на надзорен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, поради негово барање;

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-683/1 — Совет на општина Пехчево
26.05.2023 година — Претседател
Пехчево — Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лице за член на надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лице за член на надзорен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/7
26.05.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/19, 89/22 и 274/22)„ Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење, мора да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да е жител на Општина Пехчево;

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

- да има најмалку 5 години од областа на дејноста на комуналното претпријатие или најмалку 5 години работно искуство од областа на финансиско работење или најмалку 5 години работно искуство од областа на правните работи;

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да доставаат соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и

кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 8 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Бр.08-684/1
26.05.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2023 - 31.03.2023 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2023 - 31.03.2023 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/8
26.05.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.05.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2023 год. до 31.03.2023 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2023 год. до 31.03.2023 год.

**Член 2**

Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2023 год. до 31.03.2023 год. бр. 01-337/1 од 02.05.2023 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-685/1
26.05.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

*Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" -Пехчево*

## *ОД 01-01-2023 до 31-03-2023 ГОДИНА*

**ЈКП "Комуналец" Пехчево ул Јулија Веселинска бр 40**
***email: jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com***

**ВОВЕД**

Анализата на финансиските извештаи има за цел да ја процени ефикасноста и перформансите на претпријатието, да ги потенцира слабостите и силните страни на работењето и да направи прогноза на идните перспективи на работењето на претпријатието. Целта на овие извештаи е да се информира за работењето на претпријатието за периодот од јануари до март 2023 година, споредено со периодот од јануари до март 2022 година. Секој извештај содржи показатели од тековната година, споредени со истиот период претходната година.

Извештаите се изготвени во согласност со законот за трговски друштва, МСС, МСФИ и сметководствените политики на претпријатието. Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.

За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат реална слика за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Пехчево во првите три месеци.

***1 2 Приходи***

| **ВИД НА ПРИХОД** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Пехчево | 778.659 | 934.916 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Робово | 83.511 | 95.113 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Умлена | 59.304 | 69.334 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Чифлик | 54.610 | 70.838 |
| Производство и дистрибуција на вода физички лица Негрево | 102.993 | 692 |
| Производство и дистрибуција на вода правни лица | 486.629 | 558.794 |
| Производство и дистрибуција на вода штали | 47.431 | 37.300 |
| *Вкупни прих.од вода* | *1.613.137* | *1.766.987* |
| Приходи од месечен фиксен надоместок | 251.205 | 253.051 |
| Приходи од канализација физ. лица Пехчево | 336.475 | 398.058 |
| Приходи од канализација физ. лица Робово | 30.122 | 35.190 |
| Приходи од канализација физ. лица Умлена | 24.746 | 28.623 |
| Приходи од канализација правни лица | 85.526 | 89.750 |
| Приходи од делови и поправки на водов. и канал. мрежа | 13.939 | 20.388 |
| Приходи од нови приклучоци | 3.500 | 4.000 |
| Приходи од ЈЦБ поврз. со водовод и канализација | 15.600 | / |
| **Вкупно приходи од водовод и канализација** | **2.374.250** | **2.596.047** |
| Отпремување на отпад физ. лица Пехчево | 441.150 | 331.704 |
| Отпремување на отпад физ. лица Робово | 30.000 | 21.780 |
| Отпремување на отпад физ. лица Умлена | 28.080 | 18.225 |

| | | |
|---|---:|---:|
| Отпремување на отпад физ. лица Чифлик | 25.920 | 17.730 |
| Отпремување на отпад физ. лица Негрево | 7.560 | 4.590 |
| Отпремување на отпад физ.лица Панчарево | 30.315 | 14.850 |
| Отпремување на отпад физ. лица Црник | / | 33.345 |
| Отпремување на отпад правни лица | 352.788 | 259.776 |
| **Вкупно приходи од отпремување на отпад** | **915.813** | **702.000** |
| Приходи од одржување на гробишта | 153.510 | 154.490 |
| Приходи од продажба на гробно место | 90.000 | 30.000 |
| Приходи од издавање на Одобрение за погреб | 2.300 | 900 |
| Приходи од Оператор на гробишта | 9.100 | / |
| Приходи од каменорезач на гробишта | | 2.000 |
| **Вкупно приходи од гробишта** | **254.910** | **187.390** |
| Приходи од ЈЦБ | 43.135 | 27.918 |
| Приходи од камион Дигалка | / | 18.000 |
| **Вкупно приходи од механизација** | **43.135** | **45.918** |
| | | |
| Приходи од нотарски решенија, извршување и судење | 54.706 | 7.833 |
| Приходи од пазаришни тезги и резервации | 24.405 | 15.297 |
| Приходи од Договор за зимско одржување со Општина Пехчево | / | / |
| Приходи од Договор за јавна чистота со Општина Пехчево | / | 121.068 |
| Приход од повраток на здравство | / | 17.944 |
| Останати приходи од работењето | / | |
| **Вкупно останати приходи** | **79.111** | **165.142** |
| **ЗБИР НА ПРИХОДИ** | **3.667.219** | **3.726.539** |

Од прегледот на приходите по одделенија детално може да се види структурата на приходите за 2022 и 2023 година одделно по ставки.
Во 2023 година имаме намалување на приходи од вода и канализација за физички и правни лица.

Приходите од отпремување на отпад се зголемени во однос на ланската година, поради зголемуањето на цената за собирање и транспорт на отпадот.
Приходи од Договори за јавна чистота и паркови и зеленило во 2023 година нема, бидејќи не се потпишани Договорите со Општина Пехчево за вршење на овие услуги.

### *1 3 Трошоци*

| **ВИД НА ТРОШОЦИ** | **2023** | **2022** |
|---|---:|---:|
| Плати филтер станица | 727.610 | 646.035 |
| Плати водоинсталатери | 372.010 | 292.352 |
| Плата за електричар | 36.979 | 105.909 |
| Електрична енергија филтер станица | 109.225 | 159.775 |
| Трошоци за телевизија | 1.266 | 422 |
| Трош.за испитување на водата | 40.000 | 16.000 |
| Трошоци за водоводни делови | | 1.584 |
| Амортизација на водовод и канализација | 153.300 | 175.300 |
| **I - Трошоци за водовод и канализација** | **1.440.390** | **1.397.377** |
| | | |
| Плати- изнесув.на отпад | 412.992 | 411.082 |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци за нафта | 51.755 | 42.852 |
| Резервни делови за камион за ѓубре | 43.473 | 18.804 |
| Амортизација (контејнери и Ивеко) | 177.343 | 148.131 |
| **II - За собирање и изнесување на отпад** | **685.563** | **540.869** |
| | | |
| Плата за возачи на машини | 127.977 | 107.493 |
| Трошок за нафта ЈЦБ | 32.461 | 14.634 |
| Трошок за нафта камион Дигалка | / | 5.209 |
| Трошок за нафта трактори | 5.172 | 9.584 |
| Трошок за нафта сопствени возила | 20.356 | 3.920 |
| Трошок за гориво ( Лади, плин и др) | 11.603 | 3.645 |
| Трошок за гориво косачки | 704 | 348 |
| Регистрација и осигурување на возила | | / |
| Делови за возила, заварување,сервис на возила | 9.970 | 5.850 |
| Трошоци за резервни делови ЈЦБ | 2.500 | 7.796 |
| Трошоци за уље и филтри | 131 | 10.031 |
| Амортизација на возила | / | 34.027 |
| **III – Механизација** | **210.874** | **202.537** |
| | | |
| Плати за вработени паркови и зеленило и јавна чистота | 95.858 | 70.981 |
| Трошоци за цвеќиња,алат | / | 488 |
| **IV-Трошоци за паркови и зеленило, јавна чистота** | **95.858** | **71.469** |
| Плата за вработен на гробишта | 126.556 | 99.099 |
| Обештетување за погреб | 105.000 | 49.000 |
| **V- Трошоци поврзани со погребално** | **231.556** | **148.099** |
| Плати за управа | 924.260 | 814.423 |
| Електр.енерг канцеларии | 6.597 | 9.610 |
| Канцелариски материјали и фотокопирање | 9.314 | 10.356 |
| Поштенски услуги и карго | 5.576 | 5.577 |
| Мобилни, фиксни и интернет услуги | 13.941 | 20.405 |
| Трошоци за службени патувања | 4.960 | 3.443 |
| Весници и списанија | 670 | 7.815 |
| Обуки на вработени | 18.760 | 7.960 |
| Трошоци за објавување на оглас | 3.600 | 1.800 |
| Дневници за УО и НО | 2.400 | 12.600 |
| Репрезентација, спонзорство | 2.325 | 46.363 |
| Членарини во здруженија, такси и перс.данок | 12.608 | 22.035 |
| Банкарски,агенциски услуги, провизии | 30.429 | 27.712 |
| Камати, казни, пенали | 166.422 | 155.982 |
| Судски трошоци и извршување | 18.567 | 6.500 |
| Нотарски трошоци | 18.573 | 26.625 |
| Адвокатски трошоци | 55.380 | |
| Услуги од правни лица | 30.249 | 19.021 |
| Услуги по Договор на дело | 5.600 | 10.800 |
| Одржување на хигиена и хиг.средства | 13.656 | 11.875 |
| Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб) | 5.650 | 16.000 |
| Систематски прегледи на вработени | 20.000 | / |
| Здравствени услуги на вработените | | 19.500 |
| Трошоци за ХТЗ опрема за вработени | 6.720 | 67.380 |
| Трошоци за градежни материјали | 7.964 | |
| Останати трошоци, ситен инвентар и др.материјални трошоци (издатница) | 7.198 | 65 |
| Амортизација на опрема | / | 44.437 |
| **VI - Управа и останати трош. од работењето** | **1.391.419** | **1.368.286** |

| Вкупни трошоци I+II+III+IV | 4.055.680 | 3.806.761 |
|---|---|---|

Во трошоците за вода и канализација спаѓаат трошоци за: платите на вработените на филтер станицата, водоинсталатерите, електрична енергија на филтер станица, трошоци за испитување на квалитетот на водата, трошоци за набавка на хлор, алуминиум, вар, водоводни и канализациони делови и тн. Имаме зголемување на трошоците за вода и канализација во 2023 во однос на 2022 година, во ставката на плати на вработените заради зголемувањето на платите согласно Законот за минималната плата, исплата на надоместок за ноќни смени и празници, дежурства.

Трошоците за собирање и изнесување на отпад се трошоците за: платите за сите вработени во ова одделение, нафта за камион за смет, резервни делови за камионот за смет и тн. Овие трошоци се значително зголемени во однос на истиот период 2022 година, со оглед на фактот дека имаме помалку вработено едно лице по основ на пензија, дефекти на камионот за смет и пресметка на амортизација за контејнерите и камионот Ивеко кои ги добивме преку донација.

Трошоците за Управа се трошоците за платите за вработените во управата, членови на УО и Надзорен одбор, канцелариски материјали, трошоци од фиксен режим (телефон, интернет), дневници за вработени, репрезентација, електрична енергија за управна зграда, поштенски и карго услуги, членарини, трошоци за стручно усовршување и обуки на вработени, нотарски и адвокатски трошоци и тн

Трошоците за бруто плати за управата се зголемени, заради тоа што имаме плус едно работно место преку Приватна агенција за вработување во однос на периодот јануари - март 2022 година.

Трошоците за затезни камати се исто така зголемени, истите се провлекуваат од претходни години и се зголемуваат.

***1 4 Процент на наплата***

| ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Физички и правни лица** | **94%** | **92%** |

Процентот на наплата е зголемен во однос на 2022 година. Зголемениот процент на наплата се должи на зачестените опомени и потсетувања на корисниците, како и изготвување на Нотарски решенија преку Адвокат.

**1.5 Анализа на приходи и трошоци по одделенија**

| | Приход | Трошок |
|---|---|---|
| Водовод и канализација | 2.374.250 | 1.440.390 |
| Отпремување со отпад | 915.813 | 685.563 |
| Гробишта | 254.910 | 231.556 |
| Механизација | 43.135 | 210.874 |
| Паркови, зеленило и јавна чистота | / | 95.858 |
| Останати | 79.111 | 1.391.419 |
| Вкупно | **3.667.219** | **4.055.680** |
| Наб. вредност на продадени стоки | | **6.707** |
| **Вкупно** | **3.667.219** | **4.062.387** |
| **Загуба за 2023 година** | | **395.168** |

**ЈКП „Комуналец"- Пехчево**
**ВД Директор**
**Драгана Вазлиска_______**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на утврдените тарифи - водоснабдување за 2022 година, на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за спроведување на утврдените тарифи - водоснабдување за 2022 година, на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 17-та седница одржана на ден 26.05.2023 година.

Бр. 09-695/9
26.05.2023 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 26.05.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишен извештај за спроведување на утврдените тарифи - водоснабдување за 2022 година на ЈКП Комуналец - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за спроведување на утврдените тарифи - водоснабдување за 2022 година на ЈКП Комуналец - Пехчево.

**Член 2**

Годишниот извештај за спроведување на утврдените тарифи - водоснабдување за 2022 година на ЈКП Комуналец - Пехчево, бр. 01-197/1 од 08.03.2023 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево

Бр.08-686/1
26.05.2023 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 01-197/1
08.03.2023 год.
ПЕХЧЕВО

ЈКП Комуналец Пехчево

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УТВРДЕНИТЕ ТАРИФИ-ВОДОСНАБДУВАЊЕ

## за

## 2022

## ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ" ПЕХЧЕВО

МАРТ 2023

ЈКП Комуналец Пехчево

# Содржина


**Изјава** ........ 4

**Извршно резиме** ........ 5

**Вовед** ........ 6

**1. Основни податоци за давателот на водната услуга** ........ 7

*1.1 Институционална поставеност* ........ 7

*1.2 Управување и организациона структура* ........ 8

*1.3Кадровска структура* ........ 9

**2. Количини на вода** ........ 10

*2.1 Произведена вода* ........ 10

*2.2 Испорачана количина на вода по категории на потрошувачи* ........ 10

*2.3 Тарифи по категории на потрошувачи* ........ 11

**3. Водоводна мрежа** ........ 14

*3.1 Воден баланс* ........ 14

*3.2 Приклучен конзум* ........ 16

*3.3 Одржување на објектите за водоснабдување* ........ 16

*3.4 Опис на реализирани инвестиции* ........ 18

**4.Грижа за потрошувачите** ........ 20

**5 Финансиски извештаи** ........ 20

**6 Оценка за реализација на планот** ........ 31

*a. Информации во врска со спроведувањето на тарифите и надоместоците* ........ 31

*b. Вредностите на клучните индикатори* ........ 32

*c. Оценка за реализација на планот* ........ 32

**7 Листа на главни индикатори** ........ 34

ЈКП Комуналец Пехчево

**Листа на табели**

Табела 0-1: Тековна тарифа за вода за пиење за 2021 од Совет на ОП........................................6
Табела 1-1: Организациона структура ЈКП ,,Комуналец" Пехчево (2022).......................................8
Табела 1-2: Преглед пополнетите работни места во ЈКП ,,Комуналец" Пехчево (2022)...............9
Табела 2-1: Вкупно производство на вода во ЈКП ,, Комуналец" Пехчево 2022).........................10
Табела 2-2: Потрошувачка на вода од страна на групите на корисници .....................................10
Табела 2-3: Пресметување на пондерирана просечна тарифа ......................................................11
Табела 2-4:споредба на пондерирана просечна тарифа за 2022.......................................................11
Табела 2-5 вкупен фактуриран износ за водоснабдување за 2022...................................................12
Табела 3-1: Проценка за неприходована вода ...............................................................................14
Табела 3-2: Неприходована вода.......................................................................................................14
Табела 3-3: Корисници на услугата според категоријата на потрошувачи ..................................16
Табела 3-4: Оперативни трошоци за вршење на водната услуга ...................................................17
Табела 3-5: Инвестиции според стапка на аморизација...................Error! Bookmark not defined.
Табела 3-6: Инвестиции според нaзивот.............................................................................................19
Табела 5-1: Спроведување на тарифата .............................................................................................31
Табела 5-2: Вредности на клучните индикатори и предвидените таргети .....................................32
Табела 6-1: Вредности на клучните индикатори..............................................................................34

ЈКП Комуналец Пехчево

## Изјава

Годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи заеднички е изработен од ЈКП "Комуналец" Пехево и Општина Пехчево. Извештајот се изработува согласно ***Законот за утврдување на цените на водните услуги*** Член 19 став 3 каде се вели дека „ *(3) Давателот е должен еднаш годишно до Регулаторната комисија, да достави извештај за спроведување на утврдените тарифи за водни услуга и реализацијата на Планот за прилагодување и бизнис планот за секоја календарска година".*

Овој извештај се однесува на спроведувањето на утврдените тарифи за календарската 2022 година.

Извештајот содржи резиме на реализацијата на Бизнис Планот и Планот за прилагодување на тарифите за водоснабдување, каде се анализирани реалните остварувањата и отстапувањата од плнираните вредности за календарската 2022 година за:

- Количините на фактурирана вода
- Оперативните трошоци по категории
- Амортизацијата
- Инвестициите
- Приходите, и
- Остварените тарифи

Исто така во Извештајот се анализираат *Клучните индикатори на успешноста* во однос *Таргетите* поставени во БП (Бизнис План) и се оценува напредокот во обезбедување на подобри и одржливи водни услуги за населението во општината.

ЈКП „Комуналец" Пехчево и Општина Пехчево потврдуваат дека вредностите на податоците дадени во извештајот се веродостојни и ја отсликуваат реалната фактичка состојба.

ЈКП „Комуналец" Пехчево Директор

БОРИС ПОПОВСКИ

ПОТПИС

ЈКП Комуналец Пехчево

## Извршно резиме

Целта на изготвување на Извештај за спроведување на утврдените тарифи за 2022 (Извештај) е да обезбеди алатка за управувачката структура НА ЈКП „Комуналец" Пехчево и Општината во приоритизацијата на инвестициите во снабдувањето со вода за пиење, утврдување на трошоците за покривање на тарифите и за подобрување на оперативните и финансиски перформанси.

Извештајот го оценува реализираниот во однос на планираниот годишен план и буџет за 2022 година за претпријатието. Се оценува неговото спроведување (остварување на стратешките цели) во однос на инвестиции, но, исто така, на реализираните активности и проекти. Извештајот ја оценува реализацијата на Акционите планови и дава приказ за тоа дали се постигнати целите и како се реализирани целните вредности (таргетите).

Реализацијата на Бизнис Планот, вклучувајќи го и повеќегодишниот инвестициски план и планот за прилагодување на тарифите, се спроведува во согласност со барањата на Регулаторната комисија за енергетика и во согласност со Законот за утврдување на цените на водните услуги.

Процесот на изработката на овој Извештај за спроведување на уврдените тарифи за 2022 е спроведен од страна на работната група составена од клучниот кадар на ЈКП „Комуналец" Пехчево и лицата задолжени за планирање во општините. Процесот беше со поддршка на консултанти од АДКОМ.

По изготвувањето на Извештајот за спроведување на уврдените тарифи за 2022 за водната услуга водоснабдување ќесе достави до Управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Пехчево, Надзорниот одбор, Градоначалникот и Советот на Општината заради известување и добивање на коментари и предлог мерки.

ЈКП Комуналец Пехчево

## Вовед

ЈКП „Комуналец" Пехчево подготви План за прилагодување на тарифите и навремено го доставува на РКЕ заедно со нацрт Бизнис План, како и бараната пропратна документација и прилозите 3 и 4 од методологијата , а согласно Законот за утврдување на цените на водните услуги, Усвоена на седницата на македонскиот парламент одржана на 15 јануари 2016 година, бр. . 08-325 / 1 Службен весник бр. 7 од 18 јануари 2016 година.

Регулаторната комисија донесе Решение за утврдување на тарифите за снабдување со вода за пиење за ЈКП „Комуналец" Пехчево за регулираниот период од 2022 до 2024 година.

Решението на Регулаторната комисија БР УПЛ бр.08/104/21 беше усвоено на 26.07.2021 година со кое се определи Тарифа за Снабдување со вода за пиење за 2022 година и тоа:

Просечна тарифа од 38.16 МКД / м3

Минималениот и максималениот опсег е даден во 2.96 % за 2022

Во Извештајот подолу се прикажани пресметките за тарифите за водоснабдување според барањето на ЈКП „Комуналец" Пехчево и прифатливи трошоци потврдени од страна на регулаторот.

Советот на Општина Пехчево даде согласност на предложените тарифи од страна на Управниот Одбор на Одлука бр.02-487/2 од 17.08.2021 кои се во согласност со одлуката на Регулаторната комисија. Тековни тарифи пропишани од Советот на Општина Пехчево.

Табела 0-1Тековна тарифа за вода за пиење за 2022 од Советот на Општина Пехчево

| *ЈКП "Комуналец" Пехчево - Водоснабдување* | | ЈКП Реализирано | ЈКП Барање | РКЕВУ Решение | Реализирано-Одобрено % |
|---|---|---|---|---|---|
| *Тарифа за Водоснабдување* | | 2022 | 2022 | 2022 | 2022 |
| Домаќинства - Волуметриска | мкд/м3 | 30.08 | | | #DIV/0! |
| Останати - Волуметриска | мкд/м3 | 54.15 | | | #DIV/0! |
| Домаќинства - Фиксен надомест | мкд/месец | 53.05 | | | #DIV/0! |
| Останати - Фиксен надомест | мкд/месец | 74.28 | | | #DIV/0! |

Тарифите се применуваат од 01.01.2022

# 1. Основни податоци за давателот на водната услуга

## 1.1 Институционална поставеност

Во 2018 година донесен е Статут бр.01-314/1 од 09.07.2018 усвоен од страна на Управен Одбор со Одлука бр.02-3/4/2 од 09.07.2018,потвредн од Совет на Општина Пехчево со Одлука бр.08-935/1 од 23.07.2018. Статут е донесен заради промена на име на седиште и заради усогласување со измените во Законот за Јавни Претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници.

Промена на Статутот на ЈКП ,,Комуналец" Пехчево има на 30.09.2020 година со бр. 01-532/1 се менува во однос на организационите единици на работните места. Промена на Статут 12.12.2022 со бр. 01-801/1 за исполнување на услови за Директор, промена на Статутот има на 09.05.2022 со број 01-451/3 за исполнување на услови за членови на Управен и Надзорен одбор.

Со донесувањето на новиот Статут нема промена на основачкиот влог како резултат на нови инвестиции (впишани во сметководствена евиденција на претпријатието) од страна на основачот – Општина Пехчево.

Нема промена ниту во областа на давање на услуги со давање обврска на ЈКП да врши водни услуги во други населени места или се доделува нова услуга(прочистување на отпадни води)

**Забелешка:**

- Актуелниот Статут на ЈКП ,,Комуналец" Пехчево е прикачен на платформата на РКР во делот 1. **Основни податоци за давателот на водната услуга, во Поле 1. „Статут"**
- Актуелното Решение од централен регистар за 2019година на ЈКП "Комуналец" Пехчево е прикачен на платформата на РКР во делот 1. **Основни податоци за давателот на водната услуга,** во Поле 2. **„Решеие од централен регистар"**
- **Промена на Статутот во однос на организационите единици на работните места во 2020година е со Одлука на Совет на Општина Пехчево со бр.01-532/1,и е прикачена на платформата на РКР.**
- **Проемени на Статутот за исполнување на услови за Директор е со Одлука на Совет на Општина Пехчево со бр.01-801/1.**
- **Промена на Статутот за исполнување на услови за членови на Управен и Надзорен одбор е со Одлука на Совет на Општина Пехчево со бр. 01-451/3.**

## 1.2 Управување и организациона структура

Моменталната екипираност и организациона структура за 2022 година е претставена во Табела 1-1: Организациона структура ЈКП „Комуналец" Пехчево (2022)

Табела 1-1: Организациона структура ЈКП „Комуналец" Пехчево (2022)




**Забелешка:**

Актуелниот Органограм за 2022 година ( Табела 1-1: Организациона структура ЈКП „Комуналец" Пехчево (2022) е прикачен на платформата на РКР во делот 1. **Основни податоци за давателот на водната услуга**, во **Поле 3. Управување и организациона структура"**

## 1.3Кадровска структура

Моменталната екипираност за 2022 година е претставена во Табела 1-2: Преглед пополнетите работни места во ЈКП „Комуналец" Пехчево (2022)

Табела 1-2: Преглед пополнетите работни места во ЈКП „Комуналец" Пехчево (2022)

| 1 ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" ПЕХЧЕВО | | | Број на работни места по систематизација | Број на пополнети работни места водоснабдување |
|---|---|---|---|---|
| МЕНАЏМЕНТ<br>1.1 ДИРЕКТОР | | | 1 | 0,3 |
| СЕКТОР | ОДДЕЛЕНИЕ | ОДДЕЛ | | |
| 1 СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | Раководител на Сектор за финансиско работење | 1 | 0 |
| | 1.1. Одделение за сметководство и финансова оператива | | 2 | 1 |
| | 1.2 Одделение за општи правни работи и управување со човечки ресурси | | 2 | 0 |
| 2 СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ | | Раководител на Сектор за технички работи и развој | 0 | 0 |
| | 2.1Одделение за водоснабдителни објекти | | 6 | 6 |
| | 2.2 Одделение за технички работи и услуги | | 10 | 2,7 |
| | | В К У П Н О :+директор | 22 | 10 |

Во декември 2022 година бројот на вработени лица во ЈКП „Комуналец" Пехчево изнесува вкупно 22 од кои во делот водоснабдување 10, по решение од РКЕ одобрени 11,6 вработени што значи разлика од -1,6.

**Забелешка:**

Моменталната екипираност за 2021 година (**Табела 1-2: Преглед пополнетите работни места во ЈКП „Комуналец" Пехчево (2022)** ) е прикачен на платформата на РКР во делот 1. **Основни податоци за давателот на водната услуга, во Поле 4.„ Кадровска структура "**

# 2. Количини на вода

## 2.1 Произведена вода

